Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
33/1997
Датум на објавување:
11.7.97

# ФОНД ЗА МАГИСТРАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

Врз основа на член 106, став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ" бр. 26/96), Фондот за магистрални и регионални патишта во согласност со министерот за сообраќај и врски донесува

# ОДЛУКА
# ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ

## Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат критериумите за финансирање на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици (програми) што ја донесува Општината, односно градот Скопје.

## Член 2

Средствата за локални патишта и улици предвидени со член 106, став 1, точка 2 и 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ" 26/96), Фондот за магистрални и регионални патишта (Фонд) ги става на располагање на општината, односно градот Скопје за финансирање на изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици врз основа на критериумите утврдени со член 4 од оваа одлука.

Износот на средствата од претходниот став се утврдува со Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на магистралната и регионална патна мрежа што ја донесува Владата на Република Македонија. (Годишна програма за патишта)

## Член 3

Корисник на средствата од член 2 на оваа одлука е Собранието на општината, односно град Скопје или Фондот за локални патишта и улици, доколку истиот е основан.

## Член 4

Висината на средствата од член 2 на оваа одлука се распределуваат согласно следните критериуми и тоа:

1.За локални патишта:
- Константен (фиксен) дел од 36,6% се распределуваат на сите општини подеднакво по 0,3%;
- Променлив (варијабилен) дел од вкупно 63,4% се распределува по следните критериуми:

| | |
|---|---|
| а) површина на Општината | 30% |
| б) број на регистрирани моторни возила | 25% |
| в) должина на категоризирани локални платни правци во Општината | 30% |
| г) развиеност на Општината | 15% |

2. За улици:
- Константен (фиксен) дел од вкупно 24,4% се распределуваат на сите општини подеднакво по 0,2%;
- Променлив (варијабилен) дел од вкупно 75,6% се распределува по следните критериуми:

| | |
|---|---|
| а) број на регистрирани моторни возила во Општината | 35% |
| б) потрошувачка на гориво во Општината | 30% |
| в) должина на улици во Општината (согласно урбанистичките планови) | 25% |
| г) број на жители во Општината | 10% |

## Член 5

Фиксниот дел е непроменлив и се распределува на сите општини рамномерно.

Променливиот дел, во зависност од критериумите, е различен за секоја општина и се пресметува врз основа на доставените податоци од општината, споредени со истите податоци на ниво на Републиката.

Со собирање на утврдените проценти се добива вкупниот процент со кој општината учествува, во распределбата на расположивите средства за локални патишта односно улици во тековната година.

## Член 6

За учество во варијабилниот дел, општината односно градот Скопје, е должна да достави до Фондот податоци според критериумите од членот 4 на оваа одлука, со следните докази:
- патниот правец да е прогласен во категорија на локални патишта со Одлука на Собранието на општината (или со претходна Одлука на Владата на Република Македонија за постојната патна мрежа);
- улицата да е предвидена со генералниот урбанистички план на Општината;
- бројот на регистрирани моторни возила да се потврди со податоците од надлежните организации за регистрација на возила во Општината;
- површината на Општината е утврдена со Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единицата на локалната самоуправа и податоци од Републичката геодетска управа (тој податок е непроменлив и се доставува само еднаш, а важи додека не дојде до нова измена);
- бројот на жителите се доставува според податоците од пописот;
- процентуално учество во потрошувачката на горивото според продадените гориво;
- развиеност на Општината според односот на неразвиените, ридско-планински и погранични населени места во Општината според Одлуката за утврдување недоволно развиени подрачја во Република Македонија.

## Член 7

Податоците од став 1 на член 6 се доставуваат до Фондот, најдоцна до 31 декември во тековната година, а се применуваат како основа за пресметување за наредната година.

Доколку Општината не ги достави податоците во утврдениот рок од претходниот став, Фондот ги користи постојните податоци со кои располага за да го утврди учеството на Општината, односно градот Скопје, во вкупната распределба.

## Член 8

Врз основа на доставените податоци од Општината и критериумите утврдени со оваа одлука, Фондот го утврдува учеството во распределбата на секоја општина, односно градот Скопје, а висината на средствата ја утврдува по донесување на Годишната програма за патишта што ја донесува Владата на Република Македонија.

Фондот во рок од 10 дена ја известува Општината, односно градот Скопје, за средствата што ќе бидат одобрени за користење во тековната година. Доколку во тековната година дојде до промена на вкупните средства за локални патишта и улици, соодветно се врши и промена на средствата што се распределуваат на Општината, односно градот Скопје.

## Член 9

Годишната програма за локални патишта и улици, Општината односно градот Скопје, ја доставува до Фондот најдоцна во рок од 30 дена по доставување на известувањето од член 8 на оваа одлука.

## Член 10

Одобрените средства за локални патишта и улици се користат за тековната година.

Средствата се неповратни, доколку се користат за намената предвидена со Годишната програма на Општината, односно градот Скопје. Доколку се ненаменски потрошени, Општината, односно градот Скопје, го губи правото во наредната година да учествува во распределбата за делот што е ненаменски потрошен.

Општината односно градот Скопје, може да врши пренамена на средствата само во доменот на Годишната програма и со претходна согласност на Фондот.

## Член 11

Општината, односно градот Скопје, како корисник на средствата е должна на Фондот да му овозможи увид во работењето на локалните патишта и улици и да поднесува извештај за извршените работи предвидени со Годишната програма.

## Член 12

Фондот се обврзува, по потреба да дава стручни упатства и помош во изготвување на програмите за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици.

## Член 13

Општината, односно градот Скопје, како корисник на средствата е должна работите на локалните патишта и улици да ги изведува по важечките прописи од Законот за инвестициона градба, Законот за јавни патишта и други важечки прописи.

## Член 14

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 14-432
31 март 1997 година
Скопје

Директор,
дипл.инж. **Стевица Божиновски,** с.р.